РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

MQS
Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1263/3
15-06-2020
г./v.

ДКСК – ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK – KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на членот 22 и членот 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија"бр.12/19,), постапувајќи по предмет оформен по пријава од подносителот Градоначалникот на општина Кривогаштани ------------------------ доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата на 31 -та седница одржана на 12.06.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката по предметот со број 12-5089/1 оформен по пријавата поднесена на 06.11.2019 година од подносителот – Градоначалникот на општина Кривогаштани ---------------------, бидејќи согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата ***нема елементи за нејзино надлежено постапување.***

Предметот да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на ДКСК, со образложението

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5089/1 од 06.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од подносителот - Градоначалникот на општина Кривогаштани ---------------------.

Во пријавата се укажува на наводи за сомневање за неправилности и незаконитости при донесување на Решение на ден 13.12.2017 година од страна на ВД Директор на ЈП "Пелагонија"-Кривогаштани, ---------------- за прераспоредување на вработената Кристина Кочоска од работно место "Работник" во Одделение за паркови и зеленило на работно место – Секретар, без претходно објавен јавен оглас. ВД Директор на ЈП Пелагонија Кривогаштани ---------------- е разрешен од функцијата со Решение бр. 04-1190/1 од 01.08.2018 година

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случај, ДКСК до Градоначалникот на општина Кривогаштани достави Барање за прибирање на податоци и информации со број 12-1263/1 од 21.02.2020 година.

На ден 04.03.2020 година до ДКСК беше доставен Одговор на Барањето за прибирање податоци и информации од разрешениот директор од функцијата ВД Директор на ЈП Пелагонија Кривогаштани --------------------. Во дадениот одговор се наведува дека врз основа на донесена

Одлука на Управниот одбор на ЈП Пелегонија Кривогаштани, ВД Директорот ------------- во соработка со Градоначалникот ги утврдиле лицата за кои ќе се донесат Решенија за прераспоредување на работните места согласно донесената Одлука од страна Управниот одбор на ова претпријатие, и со Правилникот за организација и систематизација на работните места во ЈП Пелагонија - Кривогаштани со бр. 01-125/2 од 25.10.2013 година (која била во тој период во сила).

Од спроведната постапка за утврдување на фактичката состојба и проверка на основаноста на наводите содржани во пријавата и преземените конкретни дејствија, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека ВД Директорот на Јавното претпријатие Пелагонија -----------------------, во времето кога ја вршел функцијата ВД Директор на јавното претпријатие бил должен да се грижи за законитоста при спроведување на постапките за распоредување на вработени лица во јавното претпријатие со кое раководел, а за законитоста на своето работење тој бил одговорен пред градоначалникот на општината.

Согласно членот 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/1996; 9/1997; 6/2002; 40/2003; 49/2006; 22/2007; 83/2009; 97/2010; 6/2012; 119/2013; 41/2014; 138/2014; 25/2015; 61/2015; 39/2016; 64/2018 и 35/2019 и бр. 275/2019).,

"- Со работата на јавното претпријатие, основано од страна на општината, односно градот Скопје, раководи директор што го избира, односно разрешува градоначалникот на општината, односно градот Скопје."

"- Директорот на јавното претпријатие го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на управниот одбор, учествува во спроведувањето на основите на програмата за работа и развој, учествуваат во утврдувањето на критериуми за користење и располагање со средствата и употребата на средства остварени со работењето на јавното претпријатие, врши усогласување на деловната активност на јавното претпријатие и врши други извршни работи во врска со работата и работењето на јавното претпријатие утврдени со статутот,"

Согласно членот 24 став 2 од истиот закон

"- Директорот на јавното претпријатие, основано од општината, односно градот Скопје, за својата работа одговара пред градоначалникот на општината, односно градот Скопје."

ДКСК констатира дека спроведувањето на постапката за донесување на решенија за прераспоредување на вработени лица во ЈП Пелагонија Кривогаштани е во надлежност на Директорот во согласност со актите за внатрешна организација и систематизација на работните места донесени од страна на Управниот одбор на јавното претпријатие.

Директорот и Управниот одбор на јавното претпријатие се должи да обезбедат законитост при спроведување на постапките за вработување и мобилност преку распоредување или преземање.

Согласно членот 24 –а став 2 од истиот закон Управниот одбор, односно градоначалникот на општината, односно на градот Скопје, доколку В.Д Директорот односно Директорот на јавно претпријатије не работи и не постапува согласно законот, статутот и актите на јавното претпријатие или неоправдано не ги спроведува одлуките на Управниот одбор или постапува во спротивност со нив, ќе донесе одлука за разрешување на директорот.

Во конкретниот случај, Градоначалникот на општината при утврдувањето на сомневања за постоење незаконитости или прекршувања на позитивните законски прописи од страна на В.Д. Директорот на ЈП Пелагонија - Кривогаштани не ги искористил сите правни можности кои се во негова надлежност и во надлежност на други државни институции согласно Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Законот за работните односи, како што е органот на државната управа, надлежен за инспекцискиот надзор.

ДКСК констатира дека Градоначалникот освен незаконитости при тековното работење по однос на унапредување односно мобилност на вработен во ЈП Пелагонија - Кривогаштани во овој случај не навел ниту потврдил постоење сомневање за злоупотреба на службена должност на В.Д. Директорот преку злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг,

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р Ирена Поповска
Одобрил: Нури Бајрами, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**